Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за животна средина и просторно планирање** | **Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

Бр. 04-4086/1 од 28. 06. 2023 година
Скопје

Врз основна на член 13, 14, 15, 23 и 28 од Законот за работните односи ("Службен Весник на Република Македонија"бр.62/05, 106/08, 161/08,114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и ("Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.110/19, 267/20 и 151/21), и член 22 став 1 алинеја 6, став 5 и став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен Весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), помеѓу:

- **Министерство за животна средина и просторно планирање**, со седиште на плоштад „Пресвета Богородица" број 3, 1000 Скопје, преставувано и застапувано од Каја Шукова, Министер, како работодавач, и
- **Линдита Шакири**, со живеалиште во "Пандил Шишков" 4/2-71, Скопје - Аеродром со ЕМБГ - 1207970455024, како работник, се склучува:

# ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Со овој Договор се уредуваат правата, обврските и одговорностите од работниот однос меѓу Работникот и Работодавачот.

Работникот се вработува како извршител на определено време на работно место – **Посебен советник за координација на проекти,** во кабинетот на министерот за животна средина и просторно планирање.

Работниот однос Работникот го заснова со полно работно време.

Во случај на потреба, Работникот е согласен да извршува работни задачи на секое работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка.

Работникот работните задачи ќе ги извршува во деловните простории на работодавачот, во местото на неговото седиште.

## II. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Работникот заснова работен однос на определено време во траење од ______________________ година до завршување на мандатот на функциноерот, врз основа на добиена писмена согласност за обезбедени финасиски средства под бр.18-11150/4 од 11.01.2023 година, издадена од Министерството за финансии.

## III. ОБВРСКИ НА РАБОТНИКОТ

Член 3

Работникот ги прифаќа обврските што произлегуваат од Законот за работните односи, колективниот договор и општите акти на работодавачот, а особено:
-работите да ги извршува совесно, навремено и квалитетно, а средствага за работа да ги користи економски, целесообразно и одговорно и да остварува позитивни резултати во работата;
-да се придржува кон пропишаното работно време и пропишаните мерки за заштита при работа;
-да ги почитува општите и поединечниге акти, наредби, барања, упатства и одлуки на работодавачот, непосредниот раководигел и органи ге на управување;
-да се воздржува од сите постапки кои со оглед на природата на работата се штетни или би ги повредиле интересите на работодавачот;
-правилно и совесно да се однесува спрема странките и останатите вработени, со своето однесување да го чува угледот на работодавачот и
-не смее да ги користи за своја сопствена употреба или да ги предаде на трето лице податоците што се сметаат за деловна тајна и кои му биле доверени и со кои бил запознат на друг начин.
-Работникот се обврзува дека за време на вработувањето кај Работодавачот, како и по престанок на работа кај Работодавачот, без негова писмена дозвола, нема да даде на било која личност, фирма, компанија или организација, било која информација за работењето на работодавачот, добиена или лично креирана кај Работодавачот.
-Работникот се обврзува дека нема да користи за сопствени цели или профит, или цели различни од оние на Работодавачот, било каква информација која може да ја добие, а се однесува на работата на Работодавачот или било кој поранешен, сегашен или иден коминтент, добавувач или вработен.

## IV. ОБВРСКИ НА РАБОТОДАВАЧОТ

Член 4

Работодавачот ги прифаќа обврските што произлегуваат од Законот за работните односи, колективниот договор и општите акти, а особено прифаќа:
-да му ги обезбеди работа за која се договориле, потребните услови работа и за извршување на преземените работни задачи;
-да му го обезбеди пропишано работно време, одмори и отсуства од работа,

-да му обезбеди пропишани средства за заштита при рабога и други услови за работа и права од работен однос во согласност со закон и колективен договор;
-да му обезбеди редовна месечна плата и исплата на други додатоци, надоместоци и примања во согласност со закон и колективен договор и општите акти на работодавачот;
-да ја штити и почитува личноста и достоинетвото на работникот и неговата приватност.

## V. ПРАВА НА РАБОТНИКОТ

Член 5

За извршената работа, Работодавачот на Работникот ќе му исплатува основна плата во нето износ од **50.000,00 денари.**
Работникот има право на додатоци на плата, дел од плата за работна успешност, надоместоци на плата и надоместок на трошоци поврзани со работа согласно Законот за работни односи и колективен договор.
Работодавачот се обврзува на работникот да му ја исплаќа платата најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец.

Член 6

Работникот има право на дневен, неделен и годишен домор.
Должината на дневниот - неделниот - годишниот одмор и времето на користење се определува согласно Законот за работни односи, Колективниот договор и во согласност со потребите на работењето на работодавачот, утврдено со општ акт на работодавецот.
Работникот има право на платен и неплатен одмор (отсутство) согласно Законот за работни односи и колективен договор.

## VI. ОБВРСКИ НА РАБОТНИКОТ

Член 7

Работникот се обврзува дека за време на вработувањето кај Работодавачот, како и по престанок на работа кај Работодавачот, без негова писмена дозвола, нема да даде на било која личност, фирма, компанија или организација, било која информација за работењето на работодавачот, добиена или лично креирана кај Работодавачот.
Работникот се обврзува дека нема да користи за сопствени цели или профит или различни од оние на Работодавачот, било каква информација која може да ја добие, а се однесува на работата на Работодавачот или било кој поранешен, сегашен или иден комитент, добавувач или вработен.

## VII. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 8

Овој Договор може да се раскине со спогодба на страните и пред истекот на времето за кое е склучен и со отказ од страна на Работникот и Работодавачот во согласност со закон, колективен договор и општите акти на Работодавачот.

Должината на отказниот рок изнесува 30 дена.

## VIII. ОПШТИ АКТИ НА РАБОТОДАВАЧОТ

Член 9

Работните задолженија и обврски на работникот, се уредени во правилник за внатрешна организација на МЖСПП и Правилникот за систематизација на работните места во МЖСПП.

## IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 10

За се што не е предвидено со овој договор ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за работните односи.

Член 11

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежен суд во Скопје.

Член 12

Договорот е склучен во 4 (четири) истоветни примероци, од кои три за Работодавачот и еден за Работникот.

РАБОТНИК

Линдита Шакири

РАБОТОДАВАЧ

Каја Шукова, Министер